# ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА

## ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-188
02/2444-499

**19 ноември 2014 година**

**СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИ**

**45 социјално загрозени граѓани побараа бесплатна правна помош од државата и чекаа дури по 80 дена (во просек) за одговор во врска со нивното барање**

Во рамки на проектот „Пристап до правда во Македонија", финансиран од Европската Унија, а во склоп на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР), Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) заедно со шесте организации кои го имплементираат проектот од февруари до ноември оваа година, имаат дадено вкупно 860 општи правни информации како форма на претходна правна помош на заинтересирани граѓани.
Ова покажува дека во просек по 100 граѓани месечно се обраќале до правниците во нашата мрежа со цел добивање одговор на некоја правно-административна дилема, односно правен проблем.

Во рамки на 860-те општи правни информации, биле дадени и 417 иницијални правни совети во врска со правото за користење на бесплатна правна помош (БПП). Ова значи дека скоро половина од граѓаните кои се обратиле со некакво општо правно прашање до нашата мрежа, притоа биле запознаени со условите поставени од Законот за бесплатна правна помош. Од нив, 104 граѓани добиле помош при комплетирање на барањето за бесплатна правна помош кое се поднесува до подрачните единици на министерството за правда.

Гледајќи ја структурата на 860-те дадени општи правни информации, може да се воочи дека најголем дел од општите правни информации кои биле дадени во врска со правни дилеми или предизвици кои заинтересираните граѓани ги имале се во делот на:

| | |
|---|---|
| Социјална заштита | 163 или 19% |
| Судски, управни и извршни постапки | 138 или 16% |
| Семејни односи | 74 или 9% |
| Семејно насилство | 69 или 8% |
| Здравствено осигурување | 73 или 8% |
| Заштита на деца | 40 или 5% |
| Работни односи | 44 или 5% |

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје
02/2477-188
02/2444-499

| | |
|---|---|
| Пензиско осигурување | 39 или 4% |

Статусот „примател на социјална помош“ е поставен како задолжителен услов за добивање на БПП. Во оваа смисла, паѓа во очи процентот на граѓани кои се обратиле во врска со проблем или потреба од остварување право од областа на социјалната заштита (19% или 163 граѓани). Загрижувачко е тоа што лицата кои не се носители на правото на социјална помош, по автоматизам се заобиколени од остварување на правата кои ги обезбедува Законот за БПП.

Проблемот е во тоа што граѓаните имаат потешкотии да остварат далеку поосновно право од правото на БПП, кое право пак е условено со имање статус на лице „корисник на социјална помош“ што очигледно е премногу компилициран статус за стекнување во нашиот административно-правен систем за голем број граѓани.

Постапката за решавање по поднесените барања за БПП, повторно е забавена и сѐ уште го пробива законскиот рок. Просечното време за донесување одлука по поднесените барања бележи пораст. Во споредба со 2013-та година кога просечното време за одлучување по поднесените барања за БПП изнесува 38 дена, оваа година (2014-та) има пораст на просечниот период на одлучување за повеќе од 100% и сега изнесува скоро 80 дена.

Овој податок укажува на фактот дека е речиси невозможно да се донесе решение во законскиот рок од 20 дена и да се даде квалификација дека постапката во практиката го исполнила начелото за итност, врз основа на кое е уредена.

Постапката за одлучување по барањето за бесплатна правна помош која трае 80 дена, не овозможува одобрување на бесплатна правна помош за правни прашања за кои се предвидени кратки рокови за преземање на правните дејствија (работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, здравственото осигурување, како и за определени имотно-правни прашања за кои се пропишани кратки рокови). Уште помалку овозможува помош во случаи на семејно насилство или нарушени семејни односи кои на национално ниво бележат пораст.

Податокот за 40 барања за БПП кои сѐ уште се во постапка на одлучување и скоро 20 барања за БПП кои биле запрени пред првостепената одлука да биде донесена, укажуваат дека имаме проблем со имплементацијата на принципот на итност во постапувањето по овие барања.

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје
02/2477-188
02/2444-499

Во таа насока, ФООМ заедно со шесте партнерски организации кои работат на оваа проблематика, земаат активно учество во тестирањето на примената на овој механизам, но исто така имаат и конструктивна улога преку пружање помош при неговата измена и подобрување. Една од шесте партнерски организации (Македонско здружение на млади правници) учествува во работната група формирана од Министерство за правда која има задача да го подобри ова законско решение и да овозможи полесен пристап до правото на бесплатна правна помош.

Во оваа прилика сакаме да ја поздравиме заложбата на Министерството за правда за подобрување на ова законско решение, но исто така сакаме и да потенцираме дека итно е потребна сеопфатна промена во функционирањето на овој механизам.
Потребна е промена на условите кои законот ги диктира со цел опфаќање на лица и граѓани кои не се во можност да го трасираат и изодат патот до социјална помош, лица кои се жртви на семејно насилство, лица кои имаат потешкотии во врска со остварување на нивните работнички права, итн.
Потребна е децентрализација при одлучувањето за барањата за БПП. Моменталниот период потребен за одлучување по однос на барањата за БПП од 80 дена е крајно проблематичен и не дозволува запазување на преклузивни рокови кои административно-правните системи ги наметнуваат.

* * * * *

Ова соопштение е дел од активностите на проектот Пристап до правда во Македонија кој е финансиран од Европската унија и неговата цел е унапредување и промовирање на правото на бесплатна правна помош. Проектот го координира Фондацијата Отворено општество - Македонија, а партнерски организации се Македонско здружение на млади правници - Скопје, Национален ромски центар - Куманово, Младински културен центар - Битола, ЕХО - Штип, Избор - Струмица и 8-ми Септември - Скопје.
Повеќе детали за работата на овластените здруженија можете да добиете на www.pristapdopravda.mk .